РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 бр. 11-17
13.01 2021 година
С к о п ј е

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 141 став 13 од истиот Закон, точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-50/1 од 05.01.2021 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради реемитување на програмски сервиси спротивно на член 141 од истиот Закон, од страна на Трговското радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 1-та седница, одржана на 12.01.2021 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-65/2 од 12.01.2021 година, го донесе следното:

## Решение
## за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси

1. **ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА** Трговското радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци, заради тоа што реемитувало програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), што е казниво по член 148 став 1 точка 25 и став 2 од истиот Закон.
   Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-50/1 од 05.01.2021 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. **МУ СЕ НАЛОЖУВА** на Трговското радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци, веднаш по приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), односно да го исклучи реемитувањето на програмските сервиси.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси.

4. Доколку субјектот на надзорот наведен во точка 1 на ова решение, не постапи по решението односно продолжи со вршење на повредата за која е јавно опоменат, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 23 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

5. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во согласност со член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, а согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата на 05.01.2021 година, изврши вонреден програмски надзор на програмските сервиси реемитувани од страна на операторот Трговското радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци со цел да утврди дали операторот престанал да ги реемитува програмските сервиси кои беа регистрирани во Агенцијата врз основа на Генералниот лиценцен договор (2017-2019) склучен помеѓу имателите на правата, ЗАМП и операторите (чија важност беше заклучно со 31.12.2020 година). При извршениот надзор беше констатирано дека наведениот оператор реемитувал програмски сервиси кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Констатациите од надзорот се детално специфицирани во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-50/1 од 05.01.2021 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 141 став 13 од истиот Закон, точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-50/1 од 05.01.2021 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение со кое кон погоре наведениот субјект се презема мерка јавна опомена и му се наложува веднаш по приемот на решението да го исклучи реемитувањето на програмските сервиси и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за

аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што ќе го исклучи реемитувањето на програмските сервиси.

Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали наведениот субјект постапил по налогот, односно по јавната опомена и престанал со реемитување на програмските сервиси кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1):

- Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-50/1 од 05.01.2021 година;

Доставено до:
- Трговското радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци;
- Управителот/одговорно лице на Трговското радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци;
- Сектор за стратешко планирање и авторски права;
- Секторот за правни работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1; и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на РС Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и 42/20), се доставува

05.01.2021
11 50 1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Програмскиот надзор се врши како:** **вонреден**

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци

3. **Датум на извршување на надзорот:** 5.1.2021 година.

4. **Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши со цел да се утврди дали операторот на јавна електронска комуникациска мрежа престанал да ги реемитува програмските сервиси кои беа регистрирани во Агенцијата врз основа на Генералниот лиценцен договор (2017 – 2019) склучен помеѓу имателите на правата, ЗАМП и операторите, а чија важност беше заклучно со 31.12.2020 година.

5. **Претходно изречени мреки:** нема

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот беше констатирани дека Трговското радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на подрачјето на Кавадарци, Неготино, Росоман и Демир Капија, за своите корисници ги реемитува програмските сервиси „HRT 1", „HRT 3", „HRT 4", „Slovenija 1", „Super RTL", „ERT World" и „RTCG", кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**ПРЕДЛОГ МЕРКА:**

1. Директорот на Агенцијата да му предложи на Советот:

- да донесе решение со кое на операторот Трговско радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци ќе му изрече мерка јавна опомена и ќе му наложи веднаш по приемот на решението, согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис кој не е регистриран во Агенцијата,
- да го информира Министерството за внатрешни работи - Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, дека постои сомневање за повреда на авторските права и сродните права од страна на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Советот на Агенцијата.

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија.

Податоци за вработените лица кои го извршија програмскиот надзор:

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**